

**Интервју со проф. д-р Иво Јосиповиќ:**

**Не познавам народ кој има толку убава музика како Македонците**

**„Хрватски и македонски крајолици и ведути“ од Никола Гроздановски во Задар**



# Македонски глас


Година XXIII 2016.

МАЈ – ЈУНИ
SVIBANJ – LIPANJ

ISSN 1333-7769

БРОЈ
101




## Промоција на 100. број на „Македонски глас“: Напишаниот збор сведок на времињата



**„Медал на Град Сплит“ за МКД „Македонија“**



**155 години од печатењето на Зборникот на Миладиновци**

## ЧЕСТИТ ИЛИНДЕН !

# PROCULIN®

## Za Vaše oči

### *KAPI ZA OKO
(naphazolinum)
- Kod alergijske upale očiju
- Kod crvenila i svrbeži očiju

1-2 kapi, 4 puta dnevno

### TEARS
(umjetne suze) Medicinski proizvod
- Vlaži i štiti suhe oči

1 kap u oko 2-3 puta dnevno

Prije uporabe pažljivo pročitati uputu

### LENS
(otopina za leće) Medicinski proizvod
- Za sve vrste kontaktnih leća
- Preporučuje se za osjetljive oči
- Antibakterijska kutija

Prije uporabe pažljivo pročitati uputu

ALKALOID
Health above all




OGL-080-03-04-2016-HR

*Prije upotrebe pažljivo pročitati uputu o lijeku, a o rizicima i nuspojavama upitajte svog liječnika ili ljekarnika

GLASILO ZAJEDNICE MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ

СПИСАНИЕ НА ЗАЕДНИЦАТА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА

# ЕХО НА ВРЕМЕТО

## Агол на уредникот
## Urednikov kutak



Главна и одговорна уредничка:
МИЛЕНА ГЕОРГИЕВСКА

Заменик на главната и одговорна уредничка:
ЕЛИЗАБЕТА ПЕТРОВСКА

Уредништво:
Компјутерска обработка: Владо Чакмак
Лектура: Марија Георгиева-Петриќ
Секретар и коректор: Елизабета Петровска

Редакциски одбор:
Васил Тоциновски
Тинка Барбутов Крстева
Мирјана Мајиќ

Редакција:
Елизабета Петровска – Загреб
Јулијана Младеновска Тешија – Осиек
Ана Азеска – Риека
Елена Кипровска Кнежиќ – Задар
Биљана Митревски – Сплит
Михаела Златеска – Пула

Ovo se glasilo tiska sredstvima iz Državnog proračuna RH posredstvom Savjeta za nacionalne manjine RH.

Nakladnik: Zajednica Makedonaca u Republici Hrvatskoj, Zagreb, Masarykova 16/1
Matični broj: 3805760
OIB: 07739533563
Žiro račun: PBZ – IBAN: HR6023400091100038804
Tel./Fax: (01) 48 72 655
web: www.zmurh.hr
e-mail: zajednica.makedonaca1@zg.t-com.hr
zmurh.hr@gmail.com

За издавачот: Илија Христодулов
Печат: М-Принт д.о.о. Загреб

Temeljem odredaba čl. 58. st. 3. Zakona o javnom informiranju RH (N.N. br. 22/1992) novine su prijavljene i registrirane pod br. 421 u Ministarstvu kulture i prosvjete, Sektor informiranja, dana 14.7.1993

Prema mišljenju Ministarstva kulture i prosvjete Republike Hrvatske broj 532-03-1-7-94-01 od 10. svibnja 1994. ova tiskovina je oslobođena plaćanja poreza na promet.

ЗАБЕЛЕШКА: Коментарите објавени на страниците на ова списание со потписи на авторите се мислења на истите и не секогаш го одразуваат мислењето на Уредништвото. Уредништвото е одговорно само за текстовите без потпис. Материјалите испратени на нашата адреса стануваат сопственост на списанието, освен ако за тоа претходно е постигната поинаква согласност.

# Враќање кон корените

Конгресите на иселениците обично се добра прилика за дружење, размена на искуства и познанства. Излегуваат на површина бројни приказни, тажни, среќни, сè она што го следи човечкиот живот. Неодамна можев да присуствувам на конгрес на хрватските иселеници во Шибеник. Ме фасцинира една животна приказна на еден господин од Австралија, по потекло Хрват, од островот Угљан.

Иако најдобар дел од причините за иселување од татковината лежат во потрага по подобар живот, што се вели „трбухом за крухом“, многу примери успешно завршуваат. Токму средбата со Хрватот, кој пред повеќе од педесет години отишол во Сиднеј, барајќи подобра иднина за себе и своето семејство, ме инспирира да ги напишам овие редови.

Како младо момче заминал од Хрватска и тоа буквално бос. Ми рече, имал некакви влечки што му се скинале по пат, во Италија. И така, бос, почнал од нула. Сега е сопственик на фабрика за чоколади и на замок во едно предградие на Сиднеј, кој го преадаптирал во три сали за венчавање, секоја со посебна градина. Ова баш ми личеше како на филм. Бизнисот сега го водат неговите двајца синови.

А тој, откако им помогнал на своите родители во Хрватска да ги изучат братот и сестрата, и откако развил профитабилен бизнис за своето семејство, како вистински господин од далечната Австралија си се вратил таму од каде ја почнал оваа приказна со среќен крај – во местото Преко, на Угљан, во својата куќа покрај море. Секој ден ужива во благодатите на своето родно место, она од каде како откорнатик заминал во подобар живот. Во ниеден момент, во сите тие долги години поминати во странство не ја заборавил својата татковина и мајчиниот јазик.

Милена Георгиевска
(m.georgievska@gmail.com)

## ИЗБОРНО СОБРАНИЕ НА ЗМРХ





# Илија Христодулов повторно претседател на ЗМРХ

***Досегашното остварување на програмите е за пофалба и на гордост и препознатливост на ЗМРХ, што го докажува и оваа јубилејна 25-годишнина од формирањето на ЗМРХ***

На 14 мај 2016 година во просториите на ЗМРХ во Загреб се одржа редовното Изборно Собрание на Заедницата на Македонците во РХ. Со разрешувањето на досегашното раководство на ЗМРХ, беше именувано ново; за претседател на ЗМРХ именуван е Илија Христодулов, а за потпретседатели именувани се Борис Трајановски и Благој Штерјов; за членови на УОименувани се Илија Христодулов, Борис Трајановски, Благој Штерјов, Ангел Митревски, Мирјана Мајиќ, Елизабета Петровска и Милена Златеска.

- Сите планирани програми на културни манифестации, аматеризам, информирање и издаваштво се успешно реализирани, а соработката со останатите македонски друштва е на високо ниво. Досегашното остварување на програмите е за пофалба и на гордост и препознатливост на ЗМРХ, што го докажува и оваа јубилејна 25-годишнина од формирањето на ЗМРХ, истакна претседателот на Заедницата на Македонците во РХ, Илија Христодулов, кој го поднесе Извештајот за работата за 2015 година. Во излагањето се осврна на важните факти за работата и активностите на ЗМРХ со благодарност до Владата на РХ која преку Советот за националните малцинства финансиски ги поддржува програмите и до сите соработници кои придонесоа за нивно остварување. Тој посочи дека иднината и визијата на ЗМРХ се одразуваат пред сè, во подмладување на членството, како и во пронаоѓањето други извори на финансирање на програми.

Годишниот финансиски извештај на ЗМРХ за 2015 година го поднесе секретарката Елизабета Петровска. Потпретседателот Ангел Митревски изјави дека извештајот е усвоен од страна на Советот за националните малцинства на РХ и дека средствата за оваа година се распределени по Одлуката на Советот. Тој го истакна позитивното мислење од Советот за теренската проверка и контрола на ЗМРХ за остварување на програмата за 2015 година. Митревски сугерираше дека е потребно да се организира работна средба со претставниците на Советот со цел да се појасни начинот на пополнување формулари за пријава на програми и извештаи. Исто така, предложи пронаоѓање и аплицирање за нови проекти кои не се поврзани со Советот, како и едукација на членовите кои би работеле на нив.

Се расправаше и за Финансискиот план и Планот и програмата за работа за 2016 година. Сите извештаи и планови беа усвоени од делегатите на Собранието. Со честитки на новоизбраното водство и желби за што поуспешна понатамошна работа, заврши Изборното Собрание на ЗМРХ.

Е. Петровска



# Малцинства и миграции во фокусот на бегалската криза

*Целта на меѓународната конференција „Националните малцинства во демократските општества“ беше да се разгледаат сите теми кои се однесуваат на прашањата за помош во решавањето на меѓуетничката напнатост, а пред сѐ земајќи ги во предвид и актуелните случувања и најновите предизвици на миграциските текови и бегалската криза*



Советот за националните малцинства на Република Хрватска беше соорганизатор на јубилејната, 20-та по ред меѓународна научна конференција „Национални малцинства во демократските општества“ со овогодишна тема „Малцинства и миграции во фокусот на бегалската криза“. Конференцијата, на која учествуваа бројни научници од Хрватска и од земјите од регионот, се одржа на Бриони од 19 до 22 мај 2016 година. На настанот учествуваа околу педесетина научници и претставници на малцинствата од земјите во регионот.

Генералната цел на оваа Конференција беше да се разгледаат сите теми кои се однесуваат на прашањата за помош во решавањето на меѓуетничката напнатост, а пред сѐ земајќи ги во предвид и актуелните случувања и најновите предизвици на миграциските текови и бегалската криза. Исто така, се зборуваше за заедничката соработка при размената на стратегии, искуства и политики за вклучување, интеграција и управување на разновидноста.

## Позитивна хрватска пракса

Претседателот на Советот за националните малцинства на РХ, Александар Толнауер, имаше излагање на панелот „Достигнувања и примери на позитивната пракса на малцинската легислатива на Република Хрватска“, па ги презентираше искуствата поврзани со примената на Уставниот закон за правата на националните малцинства пред и после влегувањето на Р. Хрватска во Европската унија.

На Конференцијата беа разгледани бројни теми поврзани со малцинската проблематика и бегалската криза, како што се остварување на правата на националните малцинства во соседните држави, влијание на соработката со соседните држави во подрачјето на заштита на правата на националните малцинства, политичко претставување на националните малцинства, остварување на правото на културна автономија на националните малцинства, миграциската криза и остварување на правата на националните малцинства во Европа, индивидуални права во светло на глобалната политика – мигрантската криза и правото на азил, современи сигурносни предизвици на евроатлантизмот и дихотомијата на одговорот на Северноатлантскиот сојуз на мигрантската криза, правата на мигрантите – почитување на универзалните човекови права или право на развој и други.

Освен Советот за националните малцинства, конференцијата ја организираа и фондацијата Фридрих Еберт, Факултетот за политички науки при Универзитетот во Загреб – Центар за меѓународни сигурносни студии, Факултетот за политички науки при Универзитетот во Белград, Истарската жупанија, градот Пула и општината Медулин.

Биљана Митревски

# Целосна примена на правата на националните малцинства во Хрватска

## *Ова е целта на проектот „Поддршка за поефикасно спроведување на Уставниот закон за правата на националните малцинства“*




Во Министерството на државната управа на 3 јуни годинава се одржа уводна конференција за проектот „Поддршка за поефикасно спроведување на Уставниот закон за правата на националните малцинства“, чија реализација на 9 мај 2016 г. ја започна Министерството на управа на РХ во соработка со Проектниот конзорциум кој е составен од „WYG советување“, Загреб и „Течхед советодавни услуги“, исто така од Загреб. Проектот, кој ќе се одвива 12 месеци, го финансира Европската унија, а се спроведува во рамките на програмата за претпристапна помош ИПА 2012 за Република Хрватска, и компонентата Помош во транзиција и зајакнување на институциите во РХ. Вредноста на проектот е 196.367,23 евра.

Општата цел на проектот е да допринесе за промоцијата и заштитата на човековите права, транспарентност и ориентирање на јавната управа кон граѓаните низ учество и соработка на граѓаните во јавната политика, како и за проактивна улога на јавната управа на локални и регионални нивоа во кохезиската политика на Европската унија.

Целта на проектот е целосна примена на правата на националните малцинства во Република Хрватска и ефикасна реализација на Уставниот закон за правата на националните малцинства низ воспоставување на релевантен електронски систем на следење и известување, па и зајакнување на институционалните капацитети на Министерството на управата и канцелариите на државната управа во сите жупании.

## Анализи

Во текот на траењето на проектот ќе се изврши анализа на постојните методи на следењето, собирањето на податоците, методологијата и стручните ресурси при спроведувањето на Уставниот закон за правата на националните малцинства, па врз основа на анализата на резултатите ќе се направи информатичко решение за информирање со помош на веб-технологијата, како и на соодветна централна база на податоци. Ќе се направи и процена на потребата за едукација на државните и локалните службеници во подрачјето на спроведувањето на Уставниот закон за правата на националните малцинства и користењето на таа нова апликација, врз основа на што ќе се изработи методологија и програма, а ќе се направи и едукација на 10 тренери и 230 државни и локални службеници. Планирано е да се објави прирачник за Уставниот закон за правата на националните малцинства, како и уште 3 видови прирачници за едукација на службениците. Низ организирано претставување на централниот и регионалниот е-систем за надзор и известување за Уставниот закон за правата на националните малцинства за сите учесници во проектот и за јавноста, ќе се зголеми нивото на јавната свест, вклучувајќи ги и претставниците на националните малцинства во заштитата на малцинските права во РХ.

Цел на проектот се и групите на државни службеници во органите на државната управа и во Министерството за управа, во Канцеларијата за човекови права и права на националните малцинства и во сите канцеларии на државната управа во жупаниите, како и во единиците на локалната и регионалната самоуправа.

Биљана Митревски

# Иванов до НАТО: Почитувајте го меѓународното право



*Македонскиот претседател го игнорираше учеството на НАТО самитот во Варшава упатувајќи порака до членките на Алијансата да ги преиспитаат своите позиции во однос на членството на Македонија во оваа организација*

Претседателот на РМ, Ѓорге Иванов, по донесената одлука да го игнорира овогодинешниот самит на НАТО што се одржа во Варшава, упати порака до земјите членки на Алијансата дека треба да ги преиспитаат нивните позиции во однос на членството на Македонија. Повод за ваквата одлука на македонскиот претседател е пресудата на Меѓународниот суд на правдата и игнорирањето на меѓународното право, како и геополитичките аспекти и безбедносните предизвици во регионот.

„Почитувањето на пресудата, на меѓународното право, и конечно, на времената спогодба, налага во Чикаго да биде преиспитан заклучокот од Букурешт“, смета претседателот Иванов.

Со својот конзистентен став да не се појавува на ниту еден самит на НАТО, тој сака да укаже на фрустрациите од предолгото чекање кои се одразуваат на севкупниот живот во РМ, особено политичкиот и меѓуетничкиот. Како што информираат од Кабинетот на претседателот, уште пред самитот на НАТО во Кардиф во 2014 година, Иванов донел одлука да не учествува на самити на Алијансата на кои нема да бидат почитувани заложбите на РМ и на кои ќе продолжи игнорирањето на меѓународното право и пресудата на Меѓународниот суд на правдата во Хаг.

Досега македонскиот претседател учествувал на самитите во Лисабон во 2010 година и во Чикаго во 2012 година. Во Кардиф во 2014 година и во Варшава оваа година Македонија е претставувана на ниво на министри за одбрана и надворешни работи. Република Македонија и натаму останува сериозен партнер на НАТО, но секако очекува конечно да се направи следниот чекор – земјата да стане полноправна членка на Алијансата.

Милена Георгиевска



# Не познавам народ кој има толку убава музика како Македонците



*За „Македонски глас“ разговаравме со проф. д-р Иво Јосиповиќ, поранешен хрватски претседател и лидер на партијата „Напред Хрватска“ и притоа се задржавме на „лесни теми“. На неговите доживувања за Македонија, сеќавањата кои го врзуваат за оваа земја, за пријателите, музиката, за соседите за кои смета дека се најголемо богатство. Вели Македонија му е поим за многу убави работи*

**Љубител сте на македонската музика и македонската храна, точно ли е тоа?**

Да. Да. Јас не познавам народ во светот кој има толку убава музика како Македонците. Се сеќавам уште кога бев момче, кога одев во Македонија, таа земја ми беше поим за многу убави работи – од прекрасната музика, македонски традиционални јадења како што е гравче тавче, па до природните убавини на земјата. Моите први сеќавања за Македонија се кога прв пат отидов на Охрид, тоа е еден прекрасен град. А, имаше и еден опасен фудбалски клуб *Вардар*. Во тоа време постоеја многу размени, многу луѓе од Македонија ми оставија одличен впечаток. Се сеќавам со почит и на композиторот Прошев.

## Соработка

**Имате ли соработка со колеги од Македонија?**

Имам одлична соработка со колеги од Правниот факултет во Скопје. Еден од професорите е човек кој има најголем број на CD-иња со џез музика, можеби на цел свет. Секогаш кога одиме на некоја меѓународна конференција, тој назад се враќа со четири куфери полни со CD-иња. Многу работи ме врзуваат со Македонија, од убави спомени и пријатели до политички начела кои се врзани за нашата соработка.

**Колку во Хрватска се знае за Македонија?**

Кога зборуваме за Хрватска и Македонија, треба да имаме предвид дека ние доаѓаме од некогашната ни заедничка земја и мислам дека тие патишта историски што ги имаме нè врзуваат. Недопустливо е да нè раздвојуваат од тоа што го имаме. Денес, просечен млад човек во Хрватска премалку знае за Македонија, не знам како е во Македонија. Претпоставувам, исто така, дека не е најдобро. Значи, ние во Хрватска бевме фокусирани на влезот на земјата во Европската унија и нашата европска работа и обврски што требаше успешно да ги завршиме, а како да заборавивме на соседството.

## Македонија и Хрватска соседи во духовна смисла

**Вашите политички опоненти додека бевте на претседателската функција забележуваа дека**





многу сте свртени кон соседството. Што велите на тоа?

Тоа е точно. Мене моите политички опоненти многу често ми приговараа дека гледам на соседството. А јас прашувам, на кого ќе гледаме, ако не на соседите?! Но, тоа не значи дека додека бев претседател на Република Хрватска не гледав на Европа и на Америка, како и на нашите пријатели како што се Кинезите или други држави и народи. Мислам дека тие соседски односи се многу битни. Во случајот со Република Македонија ние немаме заедничка граница, но секако сме соседи во една духовна смисла. Соседите се најголемите пријатели и најголемото богатство.

## Поддршка за ЕУ

**Цело ова време дававте и сè уште давате поддршка Република Македонија да стане дел од европското семејство. Какви се вашите перцепции по ова прашање?**

Имав можност службено да патувам во Република Македонија. Го запознав и претседателот Ѓорге Иванов. Ги знам проблемите кои ги има Македонија. Во еден дел тие се на меѓународно ниво, со соседите, но и внатрешните односи се, за жал, такви какви што се. Но, тоа не може никој друг да го реши освен самите Македонци и оние кои живеат во Македонија. Јас во секоја прилика ги користев сите можности да дадам поддршка Македонија да стане европска земја, да се реши од тие непотребни и наметнати проблеми и судири.

Милена Георгиевска

## Меѓусебно почитување

Македонската заедница во Хрватска е доста активна и организирана. Во тек сум со нивната работа уште од кога бев претседател на Република Хрватска. Станав и почесен член на невладината граѓанска организација „Хрватско-македонска тангента“ затоа што работи вредна и благородна работа. Ако тоа може воопшто да се нарече работа. Тоа е задоволство и активизам. Ние сè уште живееме во време каде на нашите простори се присутни непријателства и омраза, а оваа организација се залага токму за спротивното – за меѓусебно почитување, разбирање, љубов, солидарност, што навистина особено го ценам. Сите активности се насочени кон поврзување и спојување на земјите и народите – на Македонија и Хрватска и на македонскиот и хрватскиот народ.



# Напишаниот и отпечатен збор останува трајно да сведочи за времињата

*На промоцијата на јубилејниот 100. број на „Македонски глас“, меѓу бројните честитки, својата поддршка на Заедницата на Македонците во РХ ја изрази и претседателката на Република Хрватска, Колинда Грабар-Китаровиќ*





Заедницата на Македонците во Република Хрватска на 9 јуни 2016 година во салата на Трибината на Град Загреб свечено го промовираше јубилејниот 100. број на своето списание *Македонски глас*, кое континуирано се печати од 1993 година. Покровител на промоцијата беше Советот за националните малцинства на Република Хрватска.

Програмата ја водеше Елизабета Петровска, заменичка на главната уредничка на *Македонски глас* и секретар на ЗМРХ. Во улога на промотори се јавија д-р Никола Гроздановски, прв и почесен претседател на ЗМРХ, Огнен Бојаџиски, прв главен и одговорен уредник на списанието, Илија Христодулов, претседател на ЗМРХ и Милена Георгиевска, главна и одговорна уредничка на *Македонски глас*.

## Хроника за животот на една дијаспора

– Во традицијата и континуитетот на ЗМРХ, во нејзината дејност и постигања, *Македонски глас* има посебно место и значење. Ние сме особено горди на тоа. Изговорениот збор се слуша и неминовно се заборава, но, оној напишаниот и отпечатен збор останува трајно да сведочи за времињата, настаните и луѓето кои биле и неминовно ја испишувале нашата судбинска и историска состојба. *Македонски глас* како пишан документ на ЗМРХ денеска е една своевидна историја за работата и успесите на Македонците во









Хрватска, за врските и соработката меѓу двата народа и земји, документ за нашата взаемна почит, љубов и доверба, истакна претседателот Христодулов.

Меѓу бројните честитки, својата поддршка на Заедницата на Македонците во РХ ја изрази и претседателката на Република Хрватска, Колинда Грабар-Китаровиќ. За време на промоцијата им се одаде почит и благодарност на главните уредници, новинари и дописници, и на сите останати членови кои се заслужни за формирањето и развивањето на ова списание.

– *Македонски глас* е списание на македонската дијаспора во Хрватска кое ги поминало и рефлектирало сите фази низ кои во својата еволуција и развој поминувале Хрватска и Македонија, што најдобро се одразува преку илјадниците напишани статии. Генерации на хрватските Македонци списанието го прифаќале како неизбежен периодичен дневник и хроника за животот и работата на една дијаспора. Но, највавно е тоа што Хрватска од првиот ден покажа големо разбирање за списанијата на малцинствата, па во таа смисла и *Македонски глас* се разви во значаен медиум кој на најдобар начин ги промовира македонскиот јазик, култура и националните интереси, посочи главната уредничка Георгиевска.

## Препознатлвост

Како прв и почесен претседател на ЗМРХ, Гроздановски говореше за потребата од појавата на Македонски глас, додека проф. Бојаџиски потсети на првите чекори на издавањето на списанието, кое денес стана препознатливо не само во Хрватска и Македонија, туку и кај македонската дијаспора ширум светот.

Со многу позитивни емоции и сеќавања помина промоцијата на јубилејниот 100. број на списанието *Македонски глас*. Присуствуваа голем број на гости, меѓу кои беа и Мачеј Качоровски, советник во Амбасадата на РМ во РХ, Ангел Митревски, член на Советот за националните малцинства на РХ и претседател на МКД „Македонија" од Сплит, Ненад Јовановиќ, претседател на новинарите за националните малцинства при ХНД, Диана Машала Перковиќ од Хрватската матица на иселеници, протојереј Кирко Велински, свештеник на МПЦ во РХ, Томе Апостолоски, претседател на Советот на македонското национално малцинство за Град Загреб, Мирјана Мајиќ, претседателка на МКД „Билјана" од Задар, Благој Штерјов, претседател на МКД „Охридски бисер" од Загреб, Ивона Дуноски Митев, претставничка на македонското национално малцинство за Приморско-горанската жупанија, Славица Чомов, потпретседателка на МКД „Илинден" од Риека, Благоја Јовановски од Осиек и Марина Апостоловска од Загреб, главни уредници на претходните изданија на списанието, и многу други.

Во музичкиот дел настапи пејачката група *Моми бисерни* при МКД „Охридски бисер" од Загреб. Под диригентството на водителот Сафиудин Алимоски, тие ги испеаја македонските народни песни *Елено ќерко* и *Јас те пратив на вода Калино*, додека, пак, Ѓулијана Алимоски ги придружуваше на флејта. Промоцијата беше проследена и со видео проекција на фотографии од списанието *Македонски глас*.

Елизабета Петровска



# „Медал на Град Сплит“ за МКД „Македонија“

*„25. Денови на македонската култура во Сплит – Денови на св. Кирил и Методиј“ во организација на македонското културно друштво „Македонија“ од Сплит и оваа година заврши во свечена атмосфера. Имено, на ова македонско културно друштво му е доделено јавно признание за неговата работа во текот на овие 25 години*





На свечената академија на „25. Денови на македонската култура во Сплит – Денови на св. Кирил и Методиј“, шефицата на кабинетот на Град Сплит, Марина Протиќ, во името на градоначалникот на Град Сплит, Иво Балдасар, му врачи на Ангел Митревски, претседател на МКД *Македонија*, јавно признание „Медал на Град Сплит“ за 25 години постоење и успешна работа на приближувањето на двата народа, хрватскиот и македонскиот, на одржувањето на македонскиот национален идентитет и негувањето на македонската култура кај македонското национално малцинство во градот Сплит, а со самото тоа и на зголемувањето на богатството на мултикултурното, мултиетничкото и мултиконфесионалното богатство на градот Сплит.

## Бројни активности

Во текот на оваа „Свечена академија“, почесниот претседател на МКД „Македонија“, Владимир Апостолски, одржа пригоден говор за животот и делото на св. Кирил и Методиј, но и со посебен осврт на животот и делото на св. Климент и Наум Охридски. Во оваа година, година на јубилејот „25 години од постоењето и работењето на МКД Македонија“ во Сплит, почесниот претседател Владимир Апостолски даде краток осврт и на поважните акции кои ги организираше нашето друштво, а меѓу кои се посебно поброени големата петиција за ослободување на генералот Боцинов, петицијата за признавање на Р. Македонија која за два дена ја потпишаа 33.120 граѓани на Град Сплит, хуманитарната акција за помош на Македонците во Албанија, опремувањето на 150 македонски цркви со црковни ѕвона без кои останале за време на балканските и првата светска војна, хуманитарната помош за оштетените во поплавите во Славонија, како и повеќе од 700 различни манифестации како што се изложби, предавања, настапи на пејачката група, фолклорот, средби со културни и политички работници, основно училиште по македонски јазик и култура по моделот Ц во ОУ „Скалице“ во Сплит и многу други.

Со оваа свечена академија заврши работниот дел на „25. Денови на македонската култура во Сплит – Денови на св. Кирил и Методиј“, во текот на кои беше промовиран хрватскиот превод на книгата „Човечулец“ од Александар Прокопиев, книгата песни „Некаде помеѓу“ на младата поетеса од Белград со македонски корени, Искра Пенева, со истовремено отворање на нејзината фото-изложба во просториите на МКД „Македонија“. Сите овие настани беа проследени со музичко-фолклорни настапи на сите секции на МКД „Македонија“ – пејачкиот хор „Македонија“, фолклорната група „Македонија“, музичкиот квартет „Клинцимандолинци“, како и настапите на децата кои го изучуваат македонскиот јазик и култура како изборен предмет во ОУ „Скалице“ во Сплит.

## Заслужено признание

И сето ова вака веќе 25 години. Затоа и никој не беше изненаден со добивањето на оваа награда. Сигурно е дадена во заслужени раце како награда за целокупниот напор на сите членови на ова македонско културно друштво. Затоа и сегашниот претседател на МКД *Македонија* го повика основачот и почесниот претседател на МКД „Македонија“ заедно да ја споделат радоста за оваа награда која за прв пат е доделена

на едно културно здружение на национално малцинство. И мораме да се согласиме, не е случајно токму тоа да е МКД „Македонија“ – прво културно друштво на национално малцинство во Град Сплит и Сплитско-далматинската жупанија, иницијатор на многу акции за подобрувањето на соживотот на малцинствата со домицилниот народ, иницијатор на две традиционални културни манифестации кои веќе шест години се одржуваат во Сплит, прво со своја радио-емисија на македонски јазик и прво со овозможување на изучување на македонскиот јазик и култура како изборен предмет во основното училиште „Скалице“.

Затоа сите присутни Македонки, Македонци и останатите нивни пријатели се сложија дека оваа награда е дојдена во прави раце и затоа можеме да кажеме „до следниот јубилеј или до следното признание“, срдечен поздрав од сплитските Македонци.

Биљана Митревски



# „Прокопиев и пријатели“

*Со оваа книжевно-музичка вечер започнаа јубилејните „25. Денови на македонската култура – Денови на св. Кирил и Методиј“*





На 10 мај годинава во просториите на МКД *Македонија* од Сплит започнаа јубилејните „25. Денови на македонската култура – Денови на св. Кирил и Методиј“, манифестација за промоција на македонската култура во Сплит и Република Хрватска, која од 1991 година се одржува во мај во организација на ова македонско културно друштво. Значењето на овој настан го потврди и присуството на амбасадорката на Република Македонија во РХ, Даниела Караѓозоска, шефицата на Канцеларијата на Град Сплит, Марина Протиќ, во името на сплитскиот градоначалник Иво Балдасар, како и многубројните гости и членови на македонската заедница во Сплит.

Манифестацијата ја отвори Александар Прокопиев, еден од најдобрите македонски писатели, кој оваа вечер го претстави хрватскиот превод на својата книга „Човечулец“. Прокопиев во соработка со сплитското здружение „Курс“ престојуваше во Сплит во рамките на програмата „Писател во резиденција“. Познатиот хрватски писател и новинар Ренато Баретиќ, во улога на модератор на вечерта, на еден својствен и неповторлив начин ги прошета присутните низ целокупната содржина на книгата, за која и самиот нагласи дека е еден од најдобрите преводи на хрватски јазик кој го имал в раце.

Во музичкиот дел од програмата настапија членовите на МКД *Македонија* и тоа, мандолинскиот состав „Клинци-мандолинци“ под водство на професорката Ивана Кенк-Калебиќ и пејачката група „Македонија“, под водство на Олга Барбир од Сплит. За целовечерното задоволство во името на сите присутни се заблагодари Ангел Митревски, претседател на МКД *Македонија*, кој во својот завршен говор им се заблагодари на сите актери на овој настан, но не ги заборави и традиционалните покровители на овие „Денови на македонската култура“, Советот за националните малцинства на РХ, Град Сплит и најстариот дневен лист во Р. Македонија, „Нова Македонија“.

Биљана Митревски

# Поминаа 155 години од првото печатење на Зборникот на Миладиновци

***Овогодинешните Деветнаесетти денови на браќата Миладиновци беа посветени на 155-тата годишнина од печатењето на Зборникот на народни песни на браќата Миладиновци, а беа традиционално одбележани и во Осиек и во Ѓаково***



*Со бискупот Храњиќ*





*Во Криптата*

Под покровителство на Советот за националните малцинства на РХ, а во соработка со Заедницата на Македонците во РХ, манифестацијата започна на 15 јуни 2016 година во Осиек, кога веќе традиционално членовите на МКД *Браќа Миладиновци* заедно со претставниците на македонското национално малцинство за Град Осиек и Осиечко-барањската жупанија положија венци цвеќе на местото на родната куќа на бискупот Јосип Јурај Штросмаер во Осиек. Потоа, во Градската и универзитетска библиотека во Осиек беше организирано претставување на книгата „Македонски бои во славонската рамница – траги на сеќавања“ на Јагода Тренеска Цветичанин. На претставувањето беа присутни бројни гости.

Програмата продолжи следниот ден во Ѓаково. На 16 јуни, претседателот Борис Трајановски, членовите на Управниот одбор и претставниците на македонското национално малцинство за Град Осиек, Јагода Цветичанин и Осиечко-барањската жупанија, Драгољуб Сиљаноски, беа свечено примени кај градоначалникот на Ѓаково, Зоран Винковиќ. Делегацијата потоа ја посети Спомен-куќата на бискупот Ј. Ј. Штросмаер по што следеше положување на венци на гробот на Бискупот во Катедралата *Св. Петар* во Ѓаково, во присуство на бискупот Ѓуро Храњиќ, кому во таа пригода му беше врачена Благодарница, како и примерок од книгата „Македонски бои во славонската рамница – траги на сеќавања“ за есрдната поддршка во негувањето на македонско-хрватските односи.

Богатата програма вклучуваше претставување на книгата „Македонски бои во славонската рамница – траги на сеќавања“ на Јагода Тренеска Цветичанин и концерт на секциите на МКД *Браќа Миладиновци* со гости од КУД *Зора* од Пишкоревци. Книгата која зборува за активностите на МКД *Браќа Миладиновци* во изминатите дваесет години пред ѓаковечката публика беше претставена во Центарот за култура, а за нејзиното значење во хрватски рамки, но и пошироко, зборуваше Мирко Ќуриќ, заменик на Градоначалникот на Ѓаково.




*Вардарки и Давид Ѓорѓијевски*



*Бисерчиња*

На концертот настапија сите секции на Друштвото: *Вардарки* пееја „Сплет македонски песни" предводени од диригентката и водителката Александра Вукадиновиќ, *Голем танец* танцуваше македонски ора во кореографија на водителката на секцијата Мирта Гало, а *Везилки* се претставија со своите ракотворби, но и со мала уметничка изложба на нашиот долгогодишен член Фрањо Бољешиќ. *Бисерчиња* настапија со претставата „Пепелашка" и, на големо изненадување на сите присутни, се покажаа не само како одлични мали актери, туку и како професионалци со костими и комплетна сценографија! Низ настапот ги водеше нивната учителка Дијана Орешкова Мариќ. Гостите од КУД *Зора* настапија со сплет славонски песни и кола.

Настанот го обогатија и солистите Давид Ѓорѓијевски и Дијана Орешкова Мариќ која, во дует со Ксенија Менковска, наша членка и водителка на програмата, заедно за крај ја отпеаја „Македонско девојче", која заврши со танцување на сите присутни.

Јулијана Тешија

# „Хрватски и македонски крајолици и ведути" од Никола Гроздановски – Коле

***Изложбата е во рамките на културната манифестација „Творештво на македонски уметници во Хрватска", која секоја година се одржува во овој период***





МКД *Билјана* во соработка со Заедницата на Македонците во Р. Хрватска на 20 јуни 2016 година организираше изложба под наслов „Хрватски и македонски крајолици и ведути" на авторот д-р Никола Гроздановски – Коле. Отворањето на изложбата на акварелите се одржа во просториите на Научната библиотека во Задар, во рамките на културната манифестација „Творештво на македонски уметници во Хрватска" која секоја година се одржува во овој период. Настанот беше организиран под покровителство на Советот за националните малцинства на Република Хрватска.

Изложбата ја отвори претседателката на МКД *Билјана*, Мирјана Мајиќ, која им се заблагодари на сите присутни кои верно ги следат сите настани што ги организира Друштвото. Таа го претстави авторот на акварелите, Никола Гроздановски – Коле, кој по професија е лекар и дипломиран сликар, кој твори од 1951 година. Потоа, Гроздановски ги поздрави присутните и во продолжение зборуваше за самите слики, одбраната тема, како и за инспирацијата за своите дела.

Меѓу присутните беа претставници на останатите национални малцинства од Задарската жупанија, потпретседателот на Советот за националните малцинства на РХ и претседател на Координацијата на националните малцинства за Задарската жупанија, Веселко Ќакиќ, како и други претставници од градските институции на Град Задар. Дел од оваа културна манифестација секако беа и секциите на МКД *Билјана* кои вредно работат и се подготвуваат во текот на целата година, а потоа ги збогатуваат културните манифестации. Овој пат свој настап одржа литературната секција на Друштвото, која ја претстави токму Мирјана Мајиќ која прочита на хрватски и македонски јазик неколку свои песни од различни збирки. Настанот го збогатија специјалните гости од задарскиот огранок на Хрватското книжевно друштво меѓу кои прв ја поздрави публиката претседателот на ХКД, Никола Шимиќ Тонин, кој даде пофални зборови за изложбата, за самата манифестација, како и за сите останати иницијативи кои доаѓаат од МКД *Билјана*. Потоа тој прочита неколку свои песни. Со својата поезија ги почестија присутните и Анте Грегов и Марин Фузул. Изложбата за јавноста беше отворена до 24 јуни.

Елена Кипровска Кнежиќ



# Македонски танци, песни и ора од Вараждин до Струга

Во периодот помеѓу мај и јуни 2016 година, членовите на секциите на МКД *Браќа Миладиновци* од Осиек беа активни на сите „фронтови“: го претставија македонскиот јазик и култура во Осиек пред учениците од ОУ *Људевит Гај*, учествуваа во одбележување на Светскиот ден на културните различности во Вараждин и отидоа во Вуковар, Ласлово, Охрид и Струга.



## „Вардарки“ на Етно фестивал во Вуковар




На 7 мај 2016 година, тринаесет *Вардарки* предводени од диригентката Александра Вукадиновиќ учествуваа на Фестивалот на етно музика во Вуковар. Фестивалот се одржа во кино салата во Борово, во организација на здружението *Чувари на српскиот идентитет*, а соорганизатор беше вокално-инструменталниот ансамбл *Ѓурѓевак* од Бобота. Со атрактивниот водител на *Жикина шареница* од Белград, Живојин Манојловиќ-Жика, вечерта беше исполнета со настап на пеачки групи, етно ансамбли и хорови – едни во „а капела“ изведба, а други со инструментална придружба. Низ настапот се преплетуваа мелодии и ритмови на српски, словачки и македонски песни.

## МКД „Браќа Миладиновци“ на одбележување на „Денот на националните малцинства“ во Вараждин

На 21 мај 2016 година, на плоштадот Св. Томислав во Вараждин својата култура и традиција ја претставија 10 национални малцинства од Хрватска, меѓу кои и македонското, претставено од МКД *Браќа Миладиновци*.

Манифестацијата се одржа во два дела: првиот беше на отворено, на плоштадот каде што се претставуваа традиционалните ракотворби и гастро-специјалитети на националните малцинства кои ги претставија членките на етно и кулинарската секција *Везилки*, а вториот дел беше во просториите на Хрватскиот народен театар каде што настапија секциите *Вардарки* и *Танец* од Осиек. *Вардарки* изведоа „Сплет македонски песни“, а *Танец* од Осиек настапи со „Водарки“ и „Билјана“. Настапот го збогатија двајца солисти: Александра Вукадиновиќ и Давид Ѓорѓијевски кои се претставија со песните „Јовано, Јованке“ и „Македонско девојче“.

За важноста на Светскиот ден на културните различности, како и за важноста од негување на културата на малцинствата кои во Вараждин се интегрален дел од неговата култура, говореше градоначалникот на Вараждин Горан Хабуш, кој организираше прием во Градското собрание. На приемот присуствуваа и претседателот Борис Трајановски и претставниците на македонското национално малцинство за Осиек, Јагода Тренеска Цветичанин и Осиечко-барањска жупанија, Драгољуб Сиљаноски.

## МКД „Браќа Миладиновци“ во Охрид и Струга



Танец Осиек (Охрид)

Од 2 до 6 јуни 2016 година, МКД *Браќа Миладиновци* учествуваа на Меѓународниот фестивал „Света Троица“ во Охрид, Македонија, кој беше во организација на КУД *Охриѓанка* и во соработка со ИФФОМ (Интернационални фолклорни фестивали, Охрид – Македонија). На фестивалот учествуваа друштва и групи од Хрватска, Словенија, Турција, Бугарија и Украина, односно околу 400 учесници кои продефилираа низ охридските улици. МКД *Браќа Миладиновци* се претставија со кореографијата „Водарки“ на секцијата *Танец* Осиек.

Истовремено, Друштвото се претстави во Струга, со учество на неговите членови Јагода и Слободан Цветичанин на јубилејната 10-та по ред манифестација „Денови на есејот“ во организација на Меѓународната манифестација „Медитеранска Академија“ Струга. Тие најнапред имаа музички настап, а потоа беше претставена книгата „Македонски бои во славонската рамница – траги на сеќавања“ со која присутните гости и Стружани беа запознаени со дваесет и едногодишната активност на МКД *Браќа Миладиновци* од Осиек.

## Секциите заедно на „19. Денови на браќата Миладиновци“ во Осиек и Ѓаково


Везилки

На 15 и 18 јуни секциите на Друштвото беа концентрирани за прославата на 155. роденден на Зборникот. Така, инструменталистите на *Т'га за југ* Кирил Наумов и Огњен Здравковиќ настапија на 15 јуни во Градската и универзитетска библиотека во Осиек, а *Бисерчиња, Вардарки, Танец* и *Везилки*, на 18 јуни во Центарот за култура во Ѓаково.

## Денови на Ласлово

По повод одбележувањето на Денот на државноста на Република Хрватска, на 25 јуни 2016 година, МКД *Браќа Миладиновци* беа на гости во Ласлово кое тој ден го прославува и Денот на селото Свети Ладислав.




Во Ласлово настапи *Голем танец* со кореографијата „Тресеница“ и го претстави нашето Друштво и фолклорните обичаи на Македонија.

Јулијана Тешија

## Македонска претстава на меѓународниот фестивал во Осиек

Меѓународниот фестивал на уметностите и жените во организација на Уметничката академија од Осиек, во петокот на 3 јуни 2016 година ѝ беше домаќин на македонската претстава „Мојот маж поет“. Претставата беше изведена како премиера, а работена е според книгата на македонската авторка Румена Бужаровска „Мојот маж“, чие второ издание во 2015 година го објави издавачката куќа „Или – или“ од Скопје.



Претставата беше изведена како копродукција на Македонското културно друштво *Браќа Миладиновци* од Осиек и Уметничката академија, а во претставата настапија студентите по глума и куклен театар Сања Мосер, Анамариа Јуришиќ, Крешимир Јелиќ и Јаков Јозиќ. Режијата беше во рацете на Роберт Рапоња, драматуршки ја оформи Марјан Лисјак, а автор на музиката е Људевит Лаушин. За сценографијата беше задолжена Јасмина Пацек, а костимите ги изготвија студентите на втора година на преддипломските студии по Театарско обликување.

Музички епилог на претставата беа инструменталистите на секцијата *Т'га за југ*, Кирил Наумов на виолина и Огњен Здравковиќ на гитара кои настапија со „Охридски бисери и македонски песни“.

На премиерата присуствуваа и заменикот жупан Драган Вулин и претставникот на македонското национално малцинство за Осиечко-барањската жупанија Драгољуб Сиљаноски.

J. T.



UGO COOL SERVIS j.d.o.o

Specijalizirani servis za održavanje, ugradnju i servisiranje ugostiteljskih aparata (rashladnih komora, hladnjaka, klima uređaja, konvektomata, perilica posuđa, kuhinjskih napa, električnih i plinskih štednjaka i pećnica, aparata za kavu te ostale ugostiteljske opreme)

Tel.: ++385 1 6040 103; Faks: ++385 1 6040 100; E-pošta: ugocool@icc.hr; Mob.: 099 676 2859

# Ден на националните малцинства во Загреб

## *Македонската култура беше претставена преку Советот на македонското национално малцинство за Град Загреб и МКД „Охридски бисер“ од Загреб*





Традиционално по петти пат, на 12 јуни 2016 година пред своите сограѓани во загрепскиот парк Зрињевац, се претставија здруженијата на 18 национални малцинства, коишто живеат во главниот град на Хрватска. *Денот на националните малцинства* беше одбележан со целодневна манифестација, која опфати музика и песна, ревија на народни носии, а на своите штандови националните малцинства ги претставија своите ракотворби, печатени дела и домашни специјалитети што ја претставуваат нивната заедница.

И додека загрепчаните, кои во голем број дојдоа и ја следеа програмата, ги пробуваа специјалитетите од националните кујни, на сцената се одржуваше богата културно-уметничка програма, која ја водеше Кармела Вуков Цолиќ.

На почетокот, присутните ги поздрави Душан Мишковиќ, претседателот на Координацијата на советите и претставниците на националните малцинства за Град Загреб. Потоа се обрати и Александар Толнауер, претседател на Советот за националните малцинства на Република Хрватска, кој го честита *Денот на националните малцинства* и истакна дека град Загреб е пример за добра пракса на застапеност и еднаквост на националните малцинства и спроведување на уставното право. Присутните ги поздрави и градоначалникот Милан Бандиќ и свечено ја отвори прославата.

Националните малцинства кои живеат во Загреб се потрудија да ја претстават својата култура и традиција, како преку својот штанд, така и преку настапот на главната сцена. Македонската култура беше претставена преку Советот на македонското национално малцинство за Град Загреб и МКД „Охридски бисер“ од Загреб, поточно преку настапот на пејачката група „Моми бисерни“ и инструменталната група „Охридски бисер“, кои делуваат во рамките на ова Друштво, но и преку кулинарската работилница, која со своите специјалитети и јадења никого не остави рамнодушен. На ревијата пак, македонските народни носии ги претставија членовите на Друштвото, Цвета Шестан, Олга Чичек и Сафиудин Алимоски.

Е. Петровска





# Историски трибини на македонското национално ослободително движење

*„Подобро ужасен крај, отколку ужас без крај“ (Даме Груев, интервју за англиски новинар)*





*Станете да се ослободиме: Слобода или смрт*

Во организација на Советот на македонското национално малцинство за Град Загреб, на 12 и 13 мај 2016 година во салата на Трибината на Град Загреб, се одржаа две историски трибини за македонското национално ослободително движење – процес на културно, национално, државно-политичко будење и осамостојување на македонскиот народ.

Првата трибина беше организирана по повод 140 години од Разловечкото востание, 120 години од Солунскиот конгрес на МРО и 110 години од загинувањето на Даме Груев, на тема *Станете да се ослободиме: Слобода или смрт*. Воведен збор даде претседателот на Советот, Томе Апостолоски, а трибината ја водеше проф. д-р Наташа Котлар-Трајкова од Институтот за национална историја во Скопје.

Меѓу посетителите беа и Мачеј Качоровски, советник при Амбасадата на РМ во РХ, Никола Гроздановски, почесен претседател на ЗМРХ, и други.

Следниот ден се одржа трибината насловена како *Милоста кон народниот јазик е наш долг и наше право*, а по повод 140 години од смртта на Партениј Зографски и 90 години од смртта на Крсте Петков Мисирков. Предавач на трибината беше проф. д-р Лилјана Гушевска од Институтот за национална историја во Скопје. Таа зборуваше за значењето на македонскиот јазик во зачувувањето на националниот идентитет, односно дека јазикот претставува еден од најзначајните делови на целокупното културно наследство на еден народ.

И двете предавања беа проследени со проекција. На крајот, претседателот Томе Апостолоски на Наташа Котлар-Трајкова и Лилјана Гушевска им врачи подарок за успешната соработка – неколку наслови од новите изданија на Советот.

Е. Петровска





*Милоста кон народниот јазик е наш долг и наше право*

# Македонски мерак

**Ресторанот службено го отвори градоначалникот на Загреб, Милан Бандиќ, а го посвети и благослови свештеникот на Македонската православна црква во РХ, протојереј Кирко Велински**








Македонија е надалеку позната по своите гастрономски специјалитети. Оригиналните рецепти верни на традицијата се одлика на обилната и гурманска кујна, спој на вкусовите на Балканот, Медитеранот и Ориентот. Нема човек што не сака да замака прсти во домашен пинџур со тазе печена лепиња или да замези бело сирење со чашка жолта ракија, да сркне густа чорба, да касне домашен колбас, да проба тавче гравче или пастрмајлија, разни макала во глинени садови, салати, пити, качамак, манџа, грнијња, тави, слатки... А ако е сето тоа надополнето со домашен амбиент уреден во традиционален стил со македонски народни мотиви и предмети, со услужни келнери и искусни готвачи, и со македонска народна жива музика, е тогаш чувството е потполно.

Сето тоа и многу повеќе нуди *Македонски мерак*, новиот македонски ресторан во Загреб. Домаќините Игор Богатинов и Кире Ристовски свеченото отворање го приредија на 11 мај 2016 година. Гостите, меѓу кои беа и бројни личности од јавниот и културен живот, беа дочекани со богата трпеза и голем избор на македонски вина. Ресторанот службено го отвори градоначалникот на Загреб, Милан Бандиќ, а го посвети и благослови свештеникот на Македонската православна црква во РХ, протојереј Кирко Велински. Атмосферата со песна дополнително ја разубавија драмската актерка Костадинка Велковска и музичката група „Салути бенд“, како и насмевките на прекрасните моми облечени во народни носии. Не можеше да се одолее, а да не се „заврти“ и по некое македонско оро.

Ако патот ве нанесе во Загреб, задолжително навратете во Илица 298. Јадењата на менито се подготвуваат од оригинални македонски производи. Ресторанот има и летна тераса опкружена со зеленило и дрва, а и детско катче за забава. Вистински „мерак“!

Е. П.

# Достојно одбележан денот на светите браќа

МКД *Илинден* од Риека и оваа година не го заобиколи одбележувањето на монументалното дело на светите браќа, и тоа преку две манифестации. Првата, „Одбележување на денот на св. Кирил и Методиј“, големите словенски и македонски просветители, се случи во просториите на Друштвото на 24 мај, каде што свое обраќање пред присутните имаше лекторката по македонски јазик на Филозофскиот факултет во Риека, Ана Азеска. Настанот беше збогатен и со настапот на хорот при МКД *Илинден*, кој за оваа прослава избра две пригодни песни.



Втората манифестација беше повеќе теренска и опфати саботна посета на Роч и Истра, место каде што глаголската традиција оставила длабоки траги благодарение на учениците на светите браќа што дејствувале на ова подрачје. Оваа традиција се негува и ден-денес, па токму затоа македонското риечко друштво не го одмина ова свето место ниту годинава. На 28 мај манифестацијата започна пред парохиската црква „Св. Бартол“ во Роч. Како дел од програмата настапија хорот на МКД „Илинден“ од Риека, учениците по македонски јазик од ОУ „Центар“ и од Прва хрватска сушачка гимназија. Беа посетени црквата „Св. Антун“, Рочкиот глаголски абецедар, Алејата на глаголичарите, како и куќата во која се наоѓа реплика на печатарската машина на Гутенберг.

Ана Азеска

# Плодна година за МКД „Илинден“

*На 18 јуни 2016 г. Македонското културно друштво „Илинден“ од Риека го одржа своето годишно Собрание, на кое традиционално се сумира сработеното од претходната година, но и се разговара за различни актуелни теми поврзани со работата и со членовите на Друштвото*



Претседателот на МКД *Илинден,* Илија Христодулов им посака срдечно добредојде на сите членови, а особено на академик Петар Стрчиќ, кој го отвори Собранието со неколку пригодни збора, преку кои го изрази своето задоволство од единството на Македонците во овој дел од Р. Хрватска Заедно со своите заменички, потпретседателките Ивона Дуноски-Митев и Славица Чомов, како и со новиот администратор на Друштвото, Јелена Прга, Христодулов го отвори ова собрание, најпрво осврнувајќи се на извештајот за сработеното во 2015-та година. Во извештајот претседателот ги наведе сите настани одржани изминатата година, финансиската покриеност од страна на Советот за национални малцинства за секој настан одделно, како и целосното салдо, односно финансиската состојба по завршувањето на 2015-та година.

Откако немаше никакви забелешки, коментари ниту прашања поврзани со извештајот за изминатата година, претседателот отвори дискусија за втората точка, која се однесуваше на доброволното заминување на членот на МКД *Илинден*, Ванчо Милчов, од Управниот одбор на Друштвото, од свои лични причини. На неговото место е избрана Гордана Кваjо. Беа избрани и двајца верификатори на записникот Илија Младенов, поранешен претседател на МПЦО „Св. цар Константин и царица Елена“, и Ванѓа Калиќ, актуелен претседател на Советот на македонското национално малцинство за Град Риека. Како последна точка за која се расправаше на Собранието беше онаа за изминатите и за планираните активности во актуелната 2016. година, како и за моменталната финансиска состојба на МКД *Илинден.*

Потпретседателката Ивона Дуноски Митев го искористи присуството на поголемиот број членови на Друштвото да упати апел за поголема посетеност на настаните што редовно се организираат во просториите на Друштвото и за кои Советот на македонското национално малцинство за Град Риека и за Приморско-горанската жупанија одвојуваат средства. Исто така, упати апел до родителите на основците и на средношколците да ги праќаат своите деца на дополнителната настава по македонски јазик, која веќе речиси десет години редовно се одржува во ОУ „Центар“ за основците, а од оваа учебна година и во Првата хрватска сушачка гимназија за средношколците.

Со соодветна музичка нумера посветена на празникот Илинден, патронот на МКД од Риека, заврши официјалниот дел на уште едно годишно Собрание на риечкото Друштво, а неофицијалниот дел, дружењето меѓу членовите, продолжи во опуштена атмосфера во сепарето на ул. „Матачиќева“ бр. 5.

Ана Азеска



# Во чест на цар Константин и царица Елена

*Како и секоја година, така и оваа МКД „Илинден“ од Риека и МПЦО „Св. цар Константин и царица Елена“ не го заборавија денот на своите патрони и не го одминаа чествувањето по повод 3 јуни – Денот на царот Константин и на неговата мајка, царицата Елена*

Со мало задоцнување од оправдани причини, дводневното празнување се случи викендот, на 4 и 5 јуни, во просториите на македонското риечко друштво, како и во црквата „Св. Фабијан и Себастијан“, во којашто секоја недела традиционално се одржуваат литургии за македонските верници од православна вероисповед.



Кога станува збор за прославата на овој значаен ден за Македонците од Риека, оваа година беше поразлична од претходните по две нешта. Прво, на огромно задоволство на членовите на МКД *Илинден*, но и на сите верници, за оваа пригода, специјално од Загреб дојде отец Кирко Велински за да биде во друштво на Македонците од овој дел на Хрватска за пресветлиот празник. А второ, и посебно значајно, е гостувањето на мешовитиот винички хор за духовна музика „Св. Јован Кукузел“, од Соборниот храм „Св. Архангел Михаил“, кој, пак, помина повеќе од илјада километри за да го почести македонското културно друштво и неговите членови со прекрасни духовни мелодии испеани од грлата на талентираните виничани.



## Гостување на хорот „Св. Јован Кукузел“

Саботата, 4 јуни, беше резервирана за обраќањето на отец Кирко Велински пред преполната просторија на риечкото друштво, како и за првиот настап на гостите од Виница. Отец Кирко го искористи своето обраќање за да ги запознае присутните со животот и делото на царот Константин и неговата мајка, царицата Елена, за нивните мисии, како и за нивното значење во православниот свет. Наедно, му се заблагодари за поканата на претседателот на МКД *Илинден* од Риека,





Илија Христодулов, како и на новиот претседател на МПЦО *Св. цар Константин и царица Елена*, Блаже Божиновски, но и на хорот „Св. Јован Кукузел“, со чијшто диригент Игор Насев соработувал уште за време на своето живеење во Македонија, за својата добра волја и ентузијазам да бидат дел од големата прослава на овој пресветол православен празник. Пред присутните верници хорот изведе неколку духовни нумери произлезени од евангелијата според Матеј, Марко, Лука и Јован, како и добропознатата „Христос воскресе“.

## Духовно пеење

Неделата, 4 мај, беше резервирана за редовната неделна богослужба во католичката црква „Св. Фабијан и Себастијан“, но овојпат неа ја водеше отец Кирко Велински, потпомогнат од претседателот на МКД *Илинден*, Илија Христодулов, кој секоја недела заедно со риечките верници ја одржува редовната богослужба на истата локација. Гостувањето на виничкиот хор беше искористено и за оваа богослужба, па така нивното духовно пеење пред многубројната публика ја збогати програмата и ги надополни паузите помеѓу пеењето на отец Кирко. На крајот, во својата проповед, отец Кирко ги потсети сите верници на духовните вредности, малку подзаборавени од брзиот начин на живот, како и на вербата во Бога којашто може да ни помогне да ги надминеме сите пречки што ни стојат на животниот пат.

Ана Азеска



## Трпеза на љубовта

По завршувањето на богослужбата, дружењето продолжи во просториите на МКД *Илинден*, каде што традиционално и оваа година се одржа познатата „Трпеза на љубовта“, за којашто се погрижи овогодинешната кума Магда Динева. Богатата трпеза изобилуваше со вкусни македонски специјалитети, а пред да им биде понудена на присутните, беше благословена од отец Велински. Хорот повторно ја збогати свечената прослава со изведба на уште една духовна песна од својот репертоар.

Со ова се заврши дводневното славење во чест на денот на св. цар Константин и царица Елена, патрони на МПЦО во Риека, се упати особена благодарност до отец Кирко Велински за својата добра волја овој ден да го прослави со верниците од Приморјето, како и до мешовитиот винички хор „Св. Јован Кукузел“, кој помина долг пат само за да биде дел од програмата на овогодинешната прослава на овој значаен православен празник, за што доби и посебна благодарница од МКД *Илинден* од Риека.

# Трибина посветена на Венко Андоновски



*Како дел од годишната манифестација „XIII. денови на македонската култура“ во организација на МКД "Билјана" и под покровителство на Советот за националните малцинства на Република Хрватска, оваа година на 29 јуни, во просториите на Друштвото, се одржа трибина под наслов „Венко Андоновски во светло на постмодернистичката поетика“.*

Излагач беше Елена Кипровска Кнежиќ, филолог по италијански јазик и судски преведувач. Настанот го отвори претседателката на Друштвото, Мирјана Мајиќ, која на присутните им го претстави излагачот и кажа неколку збора за нејзиното образование и досегашни активности, како и за самата манифестација која се одржува веќе низа години. Елена Кипровска Кнежиќ кажа неколку зборови за биографијата на Венко Андоновски и направи кратка анализа на романот „Вештица“ од 2006 година, во чија приказна се вклучени Хрватска и Дубровник. Таа истакна дека се работи за постмодернизам чиј почеток, како и кај сите литературни правци, е тешко прецизно да се одреди. Во секој случај таа го смести постмодернизмот во 70-те години на минатиот век. Тука спомна неколку познати имиња на европските и светските експоненти на правецот, како што се Пауло Куељо, Самуел Бекет, Хорхе Луис Борхес, Итало Калвино, Умберто Еко и секако најистакнатиот македонски постмодернистички писател Венко Андоновски.

## Постмодернизам

Приказната во овој роман се врти околу судбината на бројни жени кои во Европа се запалени од 10 до 18 век под обвинение дека се вештерки, а последната жртва на инквизицијата била Хрватката Дора за чија приказна зборува Андоновски. Во продолжение говореше за структурата на романот и истакна дека, како што е вообичаено за романите на постмодернизмот, дејствието не се одвива во само еден наративен правец туку постојат неколку нивоа на кои романот може да се чита, па така се испреплетуваат минатото и сегашноста. Зборувајќи за минатото, Андоновски всушност упатува критика кон современото македонско општество и тоа го прави многу успешно по примерот на италијанскиот писател Умберто Еко кој во својот роман „Името на ружата“ (веројатно најпознатиот роман на постмодернизмот) го критизира италијанското општество во 80-те години на минатиот век преку приказната која е сместена во средновековна Италија. Во многу делови романот „Вештица“ има допирни точки со романот „Името на ружата“, пред сè мрачната атмосфера, голем број на црковни мотиви и ликови, а некои епизоди се скоро во потполност преземени од романот на Еко. Кипровска Кнежиќ истакна дека Андоновски користи различни фонтови за да истакне една порака, а пак во текстот нуди голем број на симболи и фотографии за визуелно да ја доближи приказната до читателите.

На настанот учествуваше и литературно-драмската секција на МКД *Билјана* со читање на неколку песни.

Елена Кипровска Кнежиќ

# Меѓународен ден на културна разновидност

## *Меѓу малцинствата кои зедоа учество беа Албанците, Бошњаците, Италијанците, Србите, Словенците, Унгарците, Чесите, Словаците, Полјаците и секако Македонците*

Веќе со години наназад Задар ја негува преубавата традиција на одржување на манифестацијата „Меѓународен ден на културната разновидност“ која прв пат се одржа во 2006 година. Годинава на 4 јули на плоштадот Пет бунара се претставија Албанците, Бошњаците, Италијанците, Србите, Словенците, Унгарците, Чесите, Словаците, Полјаците и секако Македонците. Учествуваа 10 малцинства со своето културно наследство во вид на музика, танц, гастрономија. Настанот се одржа во организација на Координацијата на националните малцинства во Задарската жупанија. Целта е претставување на сите национални малцинства присутни во Задар преку претставници на културни друштва или здруженија.

Присутните ги поздрави претседателот на Координацијата на националните малцинства во Задарската жупанија, Веселко Ќакиќ, како и останатите претставници од градот кои се заблагодарија на посетеноста, како и на посветеноста на секои од културните друштва и здруженија кои учествуваа во проектот.




## Музичко и гастро уживање

Во првиот дел од манифестацијата учесниците се претставија со свој музичко-танцов настап. Италијанците за свои претставници оваа година ги имаа дечињата од италијанската градинка „Пинокио“, кои пееја италијански песнички. Полското културно друштво „Морско оро“ се претстави со настап на детскиот фолклорен ансамбл „Przygoda“, додека пак Словенците на публиката ѝ претставија точка на тамбурашкиот оркестар на културното друштво „Отон Жупанчиќ“. Албанците ги развеселија присутните со настапот на фолклорната група „Илирија“ од Задар, додека пак Србите воодушевија со настапот на културното друштво „Просвјета“. Унгарците се претставија со танцовата група „Чардаш“, а Бошњаците пак со КУД „Хасан Мујезиновиќ“ од Цазин. Музичко-инструменталната секција на МКД *Билјана* за оваа прилика подготви сплет од македонски народни песни меѓу кои „Зајди, зајди“, „Учи ме мајко карај ме“, „Мајка на Марика думаше“ и други.

Во гастрономскиот дел од манифестацијата се криеше вистинското изненадување за гостите. Палета на мириси, вкусови и ароми ги мамеа присутните да ги посетат изложените штандови и да пробаат од типичните специјалитети. Штандот на МКД *Билјана* го красеше заштитниот знак на Македонците – македонското тавче гравче кое секогаш ја носи победата, а беше подготвено од Драган Јакимовски, како и пита со коприви, специјалитети од тесто, тулумби, кадаиф, македонска баклава, алва и многу други делиции во изведба на вештите домаќинки кои се дел од МКД *Билјана*.

Она што секоја година ја краси оваа манифестација е одличната атмосфера во која уживаат самите учесници, гостите и случајните минувачи, односно туристите кои остануваат воодушевени од идејата и самата изведба. Настанот е уште еден доказ за одличната соработка помеѓу националните малцинства и градските институции во Град Задар како и помеѓу самите културни друштва и здруженија кои ги претставуваат малцинствата.

Елена Кипровска Кнежиќ



# Многу настани – големо задоволство

*Разговорот со Владимир Апостолски, основач, прв претседател и почесен претседател на МКД „Македонија“, е воден во пријатна атмосфера, неколку денови по добивањето на вредната награда „Медал на Град Сплит“ на ова македонско културно друштво*



**Господине Апстолски, Ве молам да ни ја опишете политичката ситуација во пролетта 1991 година и како дојдовте на идеја со уште неколкумина македонски интелектуалци да го формирате македонското културно друштво „Македонија“, како прво друштво на национално малцинство во градот Сплит и во Сплитско-далматинската жупанија?**

Подготовките за Основачко собрание почнаа скоро неполна година пред самото основање. И како што обично се случува, животот се поигра со нас. На денот на закажаното Основачко собрание, на 30 јуни 1991 година, бившата ЈНА ја нападна Република Словенија и не стави пред дилема дали да го откажеме Собранието или не. Никој не знаеше како ќе реагираат нашите сплиќани на основањето на едно малцинско друштво во предвестието на Татковинската војна. Сепак, собравме храброст и одлучивме да го одржиме ова Основачко собрание, кога веќе го закажавме терминот, а и поради гостите на кои веќе им ги пративме поканите. Основачкото собрание се одржа во хотел „Сплит“ и тоа пред околу 600 поканети гости, од кои повеќе од 400 беа припадници на македонското национално малцинство. Она што посебно и позитивно нè изненади беше фактот што на Основачкото собрание присуствуваа претставници на градската, жупаниската и црковната власт, како и претставници на двете порано основани македонски друштва од Загреб и Риека. Ова само покажа дека сплиќаните нè чувствуваа како добар народ со кој отсекогаш биле во добри и пријателски односи. Освен богатата културна програма, куриозитет беше љубовта кон овој настан искажана од Македонките кои за оваа прилика подготвија толку многу разни македонски специјалитети, што и самите готвачи во хотелот беа изненадени.

## Се оди по патот што го зацртав

**Како се чувствувавте како прв избран претседател тогаш и денес?**

Горд сум и задоволен што бев плебисцитарно избран за претседател на МКД „Македонија“, кое тогаш го носеше и името „Друштво на Македонците и пријателите на Македонија“. Еден сум од само тројцата претседатели во историјата на Друштвото. Јас како прв и засега најдолговечен, покојниот Доне Богдановски кој претседаваше година и пол во еден турбулентен период на Друштвото и третиот и сега актуелен Ангел Митревски кој еве веќе десет години го води Друштвото по патот кој го зацртавме јас и моите соработници во 1991 година. Мора да ја искористам оваа прилика и да го пофалам мојот наследник Ангел Митревски, кој направи еден голем исчекор во квалитетот на работата на Друштвото со оформување на повеќе секции, со добивањето на адекватен и репрезентативен простор за работа на истото, како и за позиционирањето на македонското национално малцинство како водечки фактор во културниот, па и во политичкиот живот на Град Сплит и пошироко.

**Ве молам накратко да ни ги побројте најголемите акции што ги има организирано Друштвото.**

Пред сè, морам да ја спомененам петицијата за признавање на Република Македонија во Обединетите нации која беше организирана неколку месеци по основањето на Друштвото, во која за два дождлива дена успеавме да собереме 32.323 потписи на сплиќаните. Куриозитет беше што ни пристапуваа и по цели групи на војници од хрватската војска за да се потпишат за оваа петиција, а кога ни пристапи една стара баба која внукот ја доведе во инвалидска количка со цел и таа да го даде својот глас, немалку бевме изненадени кога ни соопшти дека нема никакви врски со Р. Македонија, туку дека само „сочувствува со тој мал, напатен и чесен народ кој исто како и нејзиниот се бори за свое место под сонцето“. Петицијата беше копирана и по еден примерок испратена кај генералниот секретар на Обединетите нации, Бутрос Бутрос Гали, кај претседателот на Р. Хрватска, Фрањо Туѓман и кај претседателот на Р. Македонија, Киро Глигоров. За жал, иако беше прочитана, не беше ставена на дневен ред за гласање на Генералното собрание на ОН од формални причини, бидејќи прв пат се имаше случено граѓани на една држава да прават петиција за признавањето на друга држава.

Втората петиција беше за ослободување на македонскиот генерал Боцинов кој беше во затвор во Белград поради одбивањето на наредбата да го гранатира Сплит, заедно со своите соработници. И оваа петиција наиде на голем одѕив кај сите сплиќани, а не само кај Македонците.

## Хуманост на дело

**Вашето претседателствување беше одбележано и со две поголеми хуманитарни акции?**

Токму така. Веднаш по завршувањето на Татковинската војна, организиравме хуманитарна акција за собирање на облека и разни куќни предмети во соработка со сплитскиот „Каритас“ која наиде на огромен одѕив. За десетина дена беа собрани околу 1.650 кг. на облека и обувки, кои сортирани во пакети со помош на сплитскиот „Бродоспас“ ги префрливме во Драч, Албанија, а од таму со шлепер под водство на мене и Кирил Стоилов со уште десетина членови ги префрливме во Пустец, Мала Преспа и Голо Брдо, места со мнозинско македонско население, меѓу кое предметите беа поделени. Морам да истакнам дека хуманитарната помош беше поделена на сите на кои им беше потребна, без оглед на националната припадност.

Исто така, организиравме и голема акција за набавка на 150 црковни ѕвона за црквите од Македонија кои беа украдени од непријателите во Првата и Втората светска војна, а за чие поставување најголема помош добивме од фра Ореч и од „Каритас“ на Сплитско-макарската надбискупија. Во чест на него во Охрид една католичка црква го носи неговото име кое е напишано и на црковното ѕвоно.



**Краток осврт на последните 10 години на Друштвото и на добивањето на наградата „Медал на Град Сплит“**

За добивањето на оваа награда, која по прв пат е доделена на некое културно друштво на националните малцинства во градот Сплит и во Сплитско-далматинската жупанија, морам да ја истакнам големата улога на сегашниот претседател Ангел Митревски. Со своето доаѓање и работа, направи еден навистина огромен исчекор во работата на Друштвото. Она што ние го работевме пред него беше лимитирано со некои временски и човечки капацитети, додека тој со својата енергија го унапреди Друштвото со огромни чекори во сите полиња на неговото дејствување. Со својата работа како претседател на МКД „Македонија“, па и на Заедницата на Македонците во РХ и како член на Советот за националните малцинства на Република Хрватска, заслужува признание како што беше и оваа награда на Град Сплит и морам да кажам дека ми беше големо задоволство да ја примиме заедно на Свечената академија.

Нека ни е за многу години нашето македонско културно друштво „Македонија“ во Сплит.

Биљана Митревски

# Домот е таму каде што е песната



Во преполната сала на Домот на Хрватската војска во *Лора*, во Сплит, на 9 мај по шести пат се одржа манифестацијата „Домот е таму каде што е песната“, со која веќе традиционално културните друштва на националните малцинства на Град Сплит, а по повод Денот на Град Сплит и Денот на Европа, ја претставуваат својата културно-уметничка програма. Станува збор за манифестација на која оваа година зедоа учество седум културни друштва кои дејствуваат во градот Сплит.

- Благодарам што со негувањето на традиционалните песни и ора од вашите матични земји го обогатувате и овој наш град. Ова е богатство што го имаат Сплит и Далмација и потврда за она што е вистина, а тоа е дека и Сплит и Далмација се толерантни и љубезни кон сите. И токму оваа разновидност нè прави сите нас подобри и поблагородни луѓе, рече градоначалникот Иво Балдасар во своето уводно обраќање на почетокот на концертот.

Со песна и ора се претставија македонското, словенското, унгарското, италијанското, босанското и српското културно друштво, а програмата ја отвори МКД *Македонија* кое веќе 25 години дејствува во Сплит. Пејачката група под водство на професорката Олга Барбир изведе сплет на македонски народни песни, а фолклорната група ги одигра традиционалните македонски ора „Тресеница“ и „Пајдушко“, за што беа наградени со голем аплауз. Потоа, настапи мешовитиот пејачки хор на словенското културно друштво „Триглав“ кое веќе дваесет години постои и работи во Сплит на промоција на словенската култура и песна. Следуваше настапот на хорот на Демократската заедница на Унгарците од Сплит и посебно вредниот настап на новиот Унгарски културен центар со нови песни од својот богат репертоар. По прв пат оваа година пред сплитската публика се претстави хорот кој дејствува при Заедницата на Италијанците во Сплит и кој изведе неколку познати италијански канцони пред воодушевената публика. Дел од својата богата традиционална култура ја претстави и пејачката група на бошњачкото културно друштво „Препород“ од Сплит. За крај, своите песни ги изведоа и членовите на српското културно друштво „Просвета“.

Биљана Митревски



# Распеани „Моми бисерни“



Веќе традиционално, пејачката група „Моми бисерни“ при МКД „Охридски бисер“ од Загреб на 11 мај 2016 година зеде учество на 39. Средби на загрепските музички аматери кои се одржаа во Центарот за култура Трешњевка. Станува збор за манифестација којашто опфаќа аматерски хорови, вокални ансамбли, оркестри и пејачки групи од Загреб, коишто настапуваат на десетина концерти со разновиден репертоар.

„Моми бисерни“ настапија под диригентското водство на Сафиудин Алимоски со песните *Не стој Доне, Донке* и *Вино пијам, ем ракија*, а критиките од стручната комисија како и од публиката беа позитивни.

Е. П.

# МКД „Охридски бисер“ на Фестивалот на хармоника

Од 11 до 14 јуни 2016 година загрепскиот парк Зрињевац беше место за средба на врвни уметници од Хрватска и од странство кои посетителите ги привлекуваа со прекрасните звуци на хармоника и ги инспирира на танц. Тоа го овозможи фестивалот на хармоника *Accordeon Fest* кој се одржа по 4. пат. Светски познати хармоникаши, ученици од музички училишта, студенти, дуети, оркестри и многу други љубители на хармониката имаа чест да настапат со музика од сите жанрови на фестивалот кој го организираа Ивана Арт Студио и хармоникашот проф. д-р Семир Хасиќ во соработка со Туристичката заедница на Град Загреб.



Пејачката група „Моми бисерни“ и инструменталната група „Охриски бисер“ при МКД „Охридски бисер“ од Загреб, под водство на Сафиудин Алимоски на 13 јуни настапија на овој престижен фестивал со изведба на неколку македонски народни песни и од видно задоволните посетители измамија бурни аплаузи, особено на песната *Брала мома капини*.

Е. П.

# Кратки вести од МКД „Браќа Миладиновци“



*Т'га за југ: настап на 3 јуни*

Нови матрици на македонски песни: инструменталистите на секцијата *Т'га за југ* во овој период направија пет матрици на македонски песни за придружба на *Вардарки*. Труд вреден за секоја пофалба! Имено, да се направи една матрица треба и време и напор, уште повеќе што секоја матрица е едно вистинско, мало уметничко дело. Матриците беа испробани за настапот на *Вардарки* на Цветници, за време на претставата на Румена Бужаровска во Уметничката академија во Осиек и за време на настапот на инструменталистите на оваа секција во ГИСКО, кога беше претставена книгата на Јагода Тренеска Цветичанин.

• Нова водителка и диригентка: Александра Вукадиновиќ, млада и талентирана вокална солистка школувана во Осиек, инаку по потекло од Поповац во Барања, е новата водителка и диригентка на пејачката секција *Вардарки*. Заедно со неа *Вардарки* веќе имаа неколку настапи кои ја одушевија осиечката публика, како и публиката во Вуковар, Вараждин и Ѓаково.

• Нова учителка по македонски јазик и одлична помош за секцијата *Бисерчиња*: Дијана Орешкова Мариќ е новата учителка по македонски јазик за нашите најмлади членови и ученици во ОУ *Вијенац* во Осиек. Но, таа е повеќе од тоа: вредно помага кога *Бисерчиња* треба да настапат, а нејзино најново дело е претставата „Пепелашка“ со која децата се претставија во Ѓаково и ги воодушевија присутните!

Ј. Т.

# 3. Фестивал на мултикултуралност во Истра

***Многубројната публика, меѓу која и доста туристи, беа воодушевени со богатата програма, а македонските песни беа посебно наградени со долготраен и голем аплауз. И овој пат ја покажавме големата љубов кон нашата татковина Македонија***




Со големо задоволство и оваа година, Македонското културно друштво на Истарска жупанија *Св. Кирил и Методиј* од Пула зеде учество на 3. Фестивал на мултикултуралност во Истарска жупанија. Фестивалот беше одржан на 8 мај на Форумот пред Градската палата во Пула. Покрај ова Друштво, учествуваа уште 11 друштва кои ги преставуваа заедниците на националните малцинства од Истарска жупанија и Пула. Фестивалот беше одржан по повод на Денот на Европа, а воедно и Денот на Град Пула.

На многубројната публика со поздравен говор им се обрати градоначалникот на Град Пула, Борис Милетиќ, истарскиот жупан Валтер Флего и заменичката на жупанот Џузепина Рајко, а во говорите сите нагласија дека оваа разновидност е големо богатство за Истра и не само што различната култура се негува долги години, туку треба да се продолжи со што поголем интензитет и прикажување на што повеќе културни програми на народните малцинства во Истарска жупанија.

## Богата програма

На овој фестивал покрај МКД *Св. Кирил и Методиј*, учествуваа и Друштвото на перојските Црногорци *Перој 1657*, Заедницата на Албанците на Истарска жупанија, Заедницата на Црногорците и нивните пријатели на ИЖ, Унгарското културно друштво *Морисз Зсигмонд*, Заедницата на Србите во Истра, Националната заедница на Бошњаците, Демократската заедница на Унгарците во Хрватска – Организација за Истра, Клубот на Србите на ИЖ, Здружението на Ромите на Истра, Детската градинка „Весела куќа - *„Асандо цхер“* и Словенското културно друштво на Истра.

МКД *Св. Кирил и Методиј* се престави со две песни „Што имала к’смет Стамена“ и „На Струга дуќан да имам“ во изведба на Мешовитиот хор и оркестарот на Друштвото, под водство на професорката Бисерка Кухта.

Другите друштва се претставија со песни и ора од својот роден крај, како и со рецитации од познати писатели. Многубројната публика, меѓу која и доста туристи, беа воодушевени со богатата програма, а нашите песни беа посебно наградени со долготраен и голем аплауз. И овој пат ја покажавме големата љубов кон нашата татковина Македонија.

Михаела Златеска



# Денови на македонската култура во Истра

## Македонското културно друштво на Истарска жупанија „Св. Кирил и Методиј“ од Пула ги отвори „Деновите на македонската култура во Истра“ со учество на Деветтото библиско бдеење



Во црквата „Св. Фрањо“ во Пула по деветти пат беше одржано Библиското бдеење, на кое секоја година земаат учество и нашите верници – членови на МКД ИЖ *Св. Кирил и Методиј* од Пула. По повод католичкиот Духовден секоја година се организира читање на Библијата од почеток до крај без престан. Оваа, читањето започна во недела на 15 мај во 11 часот, а од 16 часот, па во наредните 30 минути, читаше семејството Златески кои се верници на нашата Македонска православна црква и членови на Друштвото. Во четвртокот таа чест ја имаше Кирил Талески, исто така верник на нашата Црква и член на нашето Друштво, како и други членови и верници.

Завршната богослужба со благослов беше одржана во саботата на 21 мај.

МКД ИЖ *Св. Кирил и Методиј* од Пула, „Деновите на македонската култура во Истра“ ги продолжи со прослава на својот имендден на 24 мај – Денот на светите браќа Кирил и Методиј, македонски и сесловенски просветители. За животот и делото на светите браќа зборуваше Драго Драгузет, како и за почетокот на глаголаштвото во Истра и натписите на тоа писмо, а претседателот на Друштвото, Тодор Брдарски, ги поздрави присутните гости и членови, правејќи краток пресек за работата и постигнувањата на Друштвото.

Покрај македонската песна и оро во изведба на Мешовитиот хор и оркестар на *Св. Кирил и Методиј*, учество во програмата имаа поетесата Авелина Дамијањевиќ Ковачиќ, која зборуваше за глаголските натписи на островите Црес и Лошињ, како и за Валунската плоча и Валунската глаголска лапидарија, од каде се и нејзините корени. Со големо воодушевување на присутните им ја опиша блискоста на овие краеви со Македонија. Нино Бијелац, писател и сликар, почесен гостин на настанот, освен за својата поезија зборуваше и за Винодолскиот законик.

Програмата продолжи со редење на македонски песни и ора, но како и до сега, никогаш во Друштвото не изостанува ни истарскиот мелос и мелосот на островите, како и домашниот истарски звук на инструментот *мих* (истарска гајда) и на усната хармоника.

Михаела Златеска

---

Ин мемориам In memoriam

# Татјана Краљ

**(1929-2016)**



На 21 јуни 2016 лето Господово, се упокои во Господа Татјана Краљ. Опелото беше извршено на градските гробишта Мирошевац во Загреб, во присуство на синот Владимир, роднини, голем број сонародници, соседи и пријатели, а го изврши парохискиот свештеник протојереј Кирко Велински.

Татјана Краљ е родена 1929 година во Прилеп, Република Македонија, во благочестиво традиционално семејство. Образованието го заврши во родниот град со одличен успех. По образованието го запозна својот животен сопатник, сопругот Иво Краљ. Со него ја доби и единствената рожба – синот Владимир. Животниот пат ја доведе во Загреб. Од самиот почеток, активно се вклучи во формирањето и црковниот живот на МПЦО *Св. Злата Мегленска*. Од 1993 до преселувањето во небесната црква беше член во УО на ЦО каде што со својата мудрост и знаење даваше огромен придонес, а посебно и со духовна радост ги подготвуваше просториите за св. Литургија.

Татјана ќе остане засекогаш во нашите молитвени сеќавања како една ведра, вредна, редовна посетителка на богослужбите и неуморно лице, кое си ја сакаше својата Македонска православна црква и држава Република Македонија.

Бог да ја прости и да Го награди нејзиниот труд и придонес во МПЦО *Св. Злата Мегленска* Загреб.

Иван Лепитков

# Света Педесетница – Духовден




„Вдахновената уста на пророците го воспеваше, о Цару, Твоето телесно пришествие, и Ти Го испрати Духот Кој произлегува од Отецот, Кој е несоздаден, законодавец, Кој го дели истиот престол со Тебе, за верните чест на единственото воплотување“ (песна од канонот на Утрена на света Педесетница).

Во Неделата на светата Педесетница, на 19 јуни 2016 година, кога го прославивме големиот празник на Црквата Христова – слегувањето на Светиот Дух врз апостолите, во храмот „Св. Злата Мегленска“ во Загреб, парохискиот свештеник протојереј Кирко Велински отслужи света Литургија. По завршувањето на Литургијата, а според типикот на православната Црква, веднаш беше отслужена и Вечерна богослужба, на која беа прочитани трите духовденски молитви, во кои се помоливме за проштавање на нашите гревови, како и на прегрешенијата на сите порано упокоени наши браќа и сестри во Христа.

Иван Лепитков

# Духовденска задушница

***Македонската православна црковна општина „Св. Јоаким Осоговски“ од Пула ја одбележа Духовденската задушница на 18 јуни во црквата „Св. Фрањо“, каде и се одржуваат сите Свети Литургии***

Задушницата ја предводеше парохискиот свештеник на МПЦ во Р. Хрватска, протојереј Кирко Велински, кој во име на Европскиот митрополит господин Пимен и во свое име изрази сочувство за покојните на сите присутни.

Верниците од цела Истра и Пула беа присутни на молитвите за своите покојни. Далечината од нашата татковина и од гробовите на нашите најмили, ни овој пат не нѐ одвоија од мислите, тагата, обичаите и традицијата, како и црковните обреди, така што колку и да сме далеку, мислите се дома со нашите најмили каде и да се, тагата останува во душата, обичаите, традицијата и црковните обреди, ги почитуваме и извршуваме каде и да е нашиот дом, па и кога е илјадници километри далеку од нашата татковина.

Не бевме присутни на гробовите, не можевме да ги очистиме и да запалиме свеќи, да однесеме дуле со вода и традиционално цвеќе гороцвет, но успеваме свеќите да ги запалиме



и барем да си спомнеме за нашите најмили.

Со очите полни со солзи, душата полна со тага, сите се молевме со верба дека некаде нашите покојни нѐ слушаат додека го изговараме нивното име во молитвите со нашиот отец.

Трпезите преполни со храна, верувајќи дека омилената храна на нашите покојни треба на овој ден да се најде на трпезата, да не би гладувале, верата да ја храни нашата душа, мирот и спокојството да го ублажи нашето тело, тагата малку да спласне со мислата дека нашите покојни од некаде нѐ следат, нѐ гледаат. Ако не веруваме дека постои некој друг свет, зарем би можеле со толкава болка да живееме и бидеме на овој свет без некого кој го сакаме со сета своја сила, душа, тело и срце, без кој не можеме понатака да продолжиме да живееме? Но, верата останува во нашата душа, па колкава и да е болката, продолжуваме да живееме со истата љубов кон нашите покојни, иако не се присутни меѓу нас.

Со благословот на храната и утешните зборови заврши овој тажен ден со очи преполни со солзи, но со вера и радост за вечен живот.

Михаела Златеска

Објавувањето на 100. број на списанието „Македонски глас“ е гордост за сите кои учествувале или сега учествуваат во неговото создавање. По тој повод, цитат од „Кратката македонска граматика“ (25 октомври 1944) подготвена за печат од Ѓорѓи Јакимов Киселинов (Охрид, 16 мај 1888 – Скопје, 29 септември 1961), еден од првите македонски лингвисти:

*„Ево се печати първата граматика на првиот славянски йазик – МАКЕДОНСКИОТ ЙАЗИК – майката на сите славянски езици. Ама имат ли македонците литературен йазик, та да иматъ граматика на той азик?*

*Тие, што велйат, оти македонците немат свой литературен йазик и свойа литература, многу се лажат. Уште пред повеке од сто години Кирил Пейчинович от Тетовско и Йаким Крчовски от Кичевско писайа и печатийа книги на македонски йазик. Рајко Жинзифов и Константин Миладинов пеейа песни на македонски йазик. Во газетата „Македонийа“ и во списанието „Книжици“ се печатия цели статии на македонски йазик. Во по-ново време Тома Смилйанич од с. Тресонче издаваше библиотека „Македонийа“ со цели книги на македонски йазик. Антон Панов многу се прочу со свойата драма „Печалбари“ на македонски йазик, Васил Илиев со свойата драма „Ленче Кумановче“...*

*А най-големиот поет и раскажувач е самиот наш народ со многуто убави песни и прикаски на чист народен йазик.“*

Марија Георгиева-Петриќ
судски преведувач за македонски јазик

(Според „*Кратка македонска граматика*“, 25 октомври 1944)

## Морето ми е до колена




Хрватско-македонското друштво од Загреб во соработка со претставничката на македонското национално малцинство за Загрепската жупанија, Лена Ѓапиќ, а под покровителство на Министерството за надворешни и европски работи на РХ и хотелот „Аристос“, на 6 мај 2016 година во хотелот „Аристос“ во Бузин, одржа промоција на збирката поезија *Морето ми е до колена* од македонскиот поет Јовица Ивановски. Цртежот на корицата е на Мирослав Масин, а делото е во издание на издавачката куќа „Табернакул“ од Скопје.

На промоцијата, стихозбирката ја претстави д-р Борјана Прошев-Оливер при Филозофскиот факултет во Загреб, стихови рецитираа авторот и студенти од Филозофскиот факултет, а со настанот модерираше претседателката на Хрватско-македонското друштво, Јудита Реј Худечек.

„Јовица Ивановски го бележи секојдневниот живот, мајстор е за поетски скици на животот на урбаниот бездомник. Пишува кратки раскази за баналностите и создава лапидарна поезија, можеби најконкретна додека иронично говори за средбата со самиот себеси. Сè кај него е топло-иронично-човечно, стилски избрусено и лесно се чита“, кажа Прошев-Оливер за авторот.

*Морето ми е до колена* е 11. збирка поезија на Јовица Ивановски (1961, Скопје). За своите стихови досега ги добивал епитетите урбан поет, поет на градот, на секојдневното, на својата генерација. Неговата поезија препеана е на десетина јазици и е објавувана во периодиката и во две антологии на македонската поезија.

Е. П.

Bekos
Zagreb, Hrvatska
Bekos Lingva
Skopje, Makedonija
URED SUDSKIH TUMAČA I PREVODITELJA
HR-Zagreb, Siget 18C • Avenija Dubrovnik 10 • Tel. 385-1-6525750 • www.bekos.hr
MK-Skopje, N. N. Borče 38/1/2 • Mob.: 389 77 652578 • www.bekos-lingva.mk

20 godina sa Vama
AMPER SERVIS
Cvjetna 6, 10370 Dugo Selo Ispostava: Čulinečka 52, 10000 Zagreb
Instalacije inteligentnih sustava-pametne kuće
Automatizacija, upravljanje i nadzor instalacija u građevinama
Izrada tehničkih riješenja instalacija
*Elektroinstalacije jake i slabe struje *Centralno i podno grijanje *Ventilacija i klimatizacija *Vodovod i odvodnja *Gips kartonski radovi *Elektrostatički podovi *Automatska zaljevanja *Centralno usisavanje *PVC stolarija, inox i crna bravarija
Tel.: 01/2913-194, tel/fax. 01/2913-188, mob.: 0912230 077, 091 4771 777
E-mail:amper-servis@zg.t-com.hr
Direktor : Jonče Ilievski

# Македонија вложува во квалитетно образование

Македонија е земја која во последните години пристапува со сериозна и значајна одговорност кон образованието на младите генерации, кое го смета како приоритет на развојните политики на земјата, а зголемувањето на квалитетот во образованието како потреба. Со таа цел е формирана и Академијата за наставници, државна институција која што во себе ќе содржи различни активности во врска со стручното обучување на идните и на постојните наставници и нивното континуирано обучување, со цел да се соочат со современите трансформации во областа на наставата и учењето.

М. Г.

# Македонскиот јазик, култура и историја претставени пред учениците

На 12 мај 2016 година, учителката по македонски јазик Дијана Орешкова Мариќ, претседателот на МКД *Браќа Миладиновци*, Борис Трајановски и членот на Друштвото Славе Велешанов пред учениците од седмите одделенија во ОУ *Људевит Гај* во Осиек одржаа настава по македонски јазик и култура.

Пред околу седумдесетина љубопитни ученици, учителката Дијана Орешкова Мариќ зборуваше за македонскиот јазик, Славе Велешанов зборуваше за македонската историја и географија, а Борис Трајановски го претстави нашето Друштво, но и нашите обичаи, носии и специфични гастрономски специјалитети.



Учениците поставуваа прашања, пишуваа на кирилица, разговараа за сличностите и разликите помеѓу македонскиот и хрватскиот јазик, култура и традиции, учеа и се забавуваа.

Ј. Т.

# Крај и за наставата по македонски јазик во ОУ „Скалице“

Уште една успешна година за учениците од ОУ *Скалице* во Сплит. Основците распоредени во две групи од прво до осмо одделение секоја сабота со голем интерес ги следеа часовите и учеа за Македонија, македонскиот јазик, историјата, природните убавини и нејзината музика. Како да се натпреваруваа кој ќе биде најдобар, а сите беа одлични и горди што се запознаваат со уште еден јазик и култура.

И оваа година, некои од нив со завршувањето на осмото одделение веќе не ќе можат да продолжат со изучување на македонскиот јазик. Тие покажаа интерес за продолжување на наставата и во средно училиште. А дотогаш им претстои уште едно другарување и учење – на летниот камп на Шолта, каде во јули ќе се изучува македонскиот јазик и култура.

Несебична поддршка за непречено одржување на наставата по македонски јазик по моделот Ц како изборен предмет перманентно дава директорката на ова прво мултиетничко училиште во Сплит, Жељка Рушчиќ. Македонски јазик во Сплит се изучува веќе седум години.



М. Г.

# Вкусовите на Македонија

## Вкусна густа пилешка супа



**Потребно е:** 1 чешне лук, 1 лажица брашно, 2 коцки за супа (од кокошка), 200 мл. млеко, 3-4 гранчиња магдонос, зејтин, сварено месо од кокошка.

**Подготовка:** Се пропржува лукот на масло за јадење. Се додава брашното, се пржи додека не порумени, се додава магдоносот, млекото, коцките за супа, се налева со вода (супа од сварено пилешко месо). Се остава да зоврие 3-4 минути. На крајот се додава сечкано сварено месо од кокошка.

## Топчиња од мелено месо



**Потребно е:** 500 гр. мелено месо, 1 чешне лук, 1 помала главица кромид, 3 лажици лебни трошки, сол, бибер, вегета, 1 коцка за супа (говедска), магдонос, малку путер, 1 лажица брашно, масло за јадење, 100 мл. млеко, 1 јајце.

**Подготовка:** Во меленото месо се додаваат лукот, кромидот (изрендан на ренде), јајцето, лебните трошки, сол и бибер. Се формираат топчиња. Во половина литар врела вода се додава коцката за супа и откако ќе се стопи, во водата се спуштаат топчињата од мелено месо. Се варат десетина минути. Потоа се подготвува бешамел сос од брашно, вегета и млеко, со што се преливаат топчињата. Одозгора се посипуваат со ситно сечкан магдонос. Се служат со варени компири, пропржени на путер и вегета.

## Лесна торта со вишни



**Потребно е:** 500 гр. кекс, 300 гр. вишни од компот, 100 гр. чоколадо за готвење, 250 гр. маргарин, 250 гр. шеќер во прав, 2 кесички ванилин шеќер, 3 дл. млеко, 5 жолчки.

**Подготовка:** Во соодветен сад измешајте го омекнатиот маргарин, ванилин шеќер и 150 гр. шеќер во прав, па изматете сè со миксер. Одделно измешајте ги жолчките со преостанатиот шеќер и варете на пареа со постојано мешање додека не се добие густ крем. Изладениот крем од жолчки измешајте го со смесата од маргарин, додадете стопено чоколадо и изматете со миксер. Вишните добро исцедете ги, кексот натопете го во млеко и покријте го со него дното на соодветна подлога за тортата. Премачкајте со половина од приготвениот крем од чоколадо, наредете половина од вишните. Истата постапка повторете ја и завршете со кекс. Со преостанатиот крем премачкајте ја тортата, ставете неколку вишни и разладете ја во фрижидер.

М. Г.

Убавините на Македонија

Ljepote Makedonije








# СИТЕ ПРАВЦИ ВОДАТ КОН МИРАВЦИ!








Како со обични зборови да се опише раскошната природна убавина на Македонија, а притоа да се долови сето она што понекогаш е невидливо и за човечкото око? Мошне неблагодарна работа, освен можеби за поетите. Тоа сигурно ќе го потврдат оние среќници што ја вкусиле убавината и што грижно ја чуваат во своите срца и сеќавања.

„Си беше еднаш еден Рај, го викаа Бел, а потеклото му водеше од с. Миравци. А како што поговорката вели – сите правци водат кон Миравци – тие несомнено водат и кон Белиот Рај...“ Најубавите реки, планини, полиња, највкусниот зеленчук, најкрцкавите кикиритки... тоа е Миравци, рамничарско село сместено во северниот дел на Гевгелиско-валандовската котлина, од десната страна на реката Вардар, на 110 м.н.в. и на 24 км. од градот Гевгелија. Според структурата на атарот (шумско, обработливо земјиште и пасишта), Миравци е полјоделско-шумарско село. Под влијание на суб-медитеранската клима, покрај основните полјоделски култури успеваат и раниот зеленчук (домати, краставици, зелка, компир, млад кромид и лук, марула) и некои тропски и медитерански овошја како киви, калинки, смокви и јапонски јаболка.

Црквата „Св. Константин и Елена“ во Миравци е изградена во 1860 г. Иако неколку пати била опожарена и разурната, повторно е обновена во 1990 г. Во близината на селото, на патот кон с. Петрово се наоѓа вештачко езеро. На ридовите над Миравци, кои се дел од источното подножје на планината Кожуф, се наоѓа излетничкото место „Бел Рај“. Тука тече Стара Река која извира на 1180 м.н.в., веднаш под врвот „Висока Чука“ на Кожуф.

Со оглед на големата висинска разлика од изворот до устието на реката, природата создала кањонско корито каде што Стара Река се влева во Петрушка Река. Токму на ова место, на 185 м.н.в. е сместен локалитетот „Пилоу лава (Pillow lava)“. Оваа атрактивна појава настанала со излачување на лавата во вода. Нееднаквата температура предизвикала топчесто лачење, а карпите добиле елипсоидна форма. Карпестиот дел на клисурата е висок 13 м. и штити два базена, три слапа и два водопада. Првиот слап е долг 9 м. и паѓа во базен широк 11 м. и длабок 3 м. Вториот слап е долг 8 м., а третиот 3 м. Низводно се јавува првиот водопад со 5,3 м. височина, а потоа и вториот, висок 7 м. Под него е вториот базен широк 10 м., долг 13 м. и длабок 4 м. Клисурата е релативно мала, но плени со својата убавина.

Специфичноста на овој доста редок феномен има битно значење за науката и едукацијата (предложен е за заштита како споменик на природата), но и за уживање во преубавата пејзажна уметност. Водата во клисурестиот дел се одликува со голема бистрина и чистота, а благодарение на бројните сончеви денови, и со повисока температура која ја прави пријатна за капење. Во излетничкото место „Бел Рај“ има угостителски објект кој е отворен во летниот период. Вистинско место за релаксација, забава, но и за рекреативен туризам во летните горештини.

Е. Петровска